До

Наставно-научниот Совет на

Правен факултет при УГД Штип

До Декан на Правен Факултет

при УГД Штип

24.09.2014
1607-233/1

Почитувани,

во поглед на Рефератот од Универзитетски Билтен Број 132 од 15 септември 2014 ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП, го поднесувам овој

**ПРИГОВОР**

Имено, во Рефератот публикуван во Универзитетски Билтен Број 132 од 15 септември 2014 година, донесен е Заклучок од Рецензентската комисија во состав проф. Татјана Петрушевска, проф. Јован Ананиев и проф. Васко Наумовски, дека **доцент д-р Љупчо Сотироски** треба да се избере во звањето **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП.

Притоа, рецензентската комисија има наведено дека доцент д-р Љупчо Сотироски ги исполнува законските предуслови за избор во вонреден професор, а во табелата на почетокот од рефератот е наведено дека доцент д-р Љупчо Сотироски има публикувано 5 трудови во меѓународни публикации во периодот помеѓу двата избори. Притоа, во табелата се наведени имињата на трудовите и Зборниците на трудови во кои тие публикации се наведени, но НЕ ПОСТОЈАТ НИКАКВИ ДРУГИ ПАРАМЕТРИ ОД КОИ МОЖЕ ДА СЕ ВИДИ во кој волумен, од која до која страна се публикувани/презентирани соодветните трудови. Покрај тоа, 3 од наведените 5 трудови публикувани во меѓународни публикации се публикувани во Зборник од Годишна Конференција организиран од Славјанскиот Институт во Свети Николе, кој не може да се класифицира како меѓунаордно списание.

Задолжителен сегмент при изборот на секој наставник на УГД е своите трудови да ги има депонирано во Репозиториумот на УГД. После прегледот во Репозиториумот на доцент Љупчо Сотироски, на наведените трудови со кои рецензентската комисија утврдила дека доцент Љупчо Сотироски ги „исполнува законските услови за избор во вонреден професор" утврдив дека три од наведените трудови се приложени во ворд формат и на нив не постои никаков

параметар според кој би се идентификувал трудот. Покрај тоа, публикацијата насловена како Regional cooperation in Western Balkans-a prerequisite for European Union integration е целосен плагијат, односно тоа е copy-paste статија целосно преземена од Википедија, што едноставно може да се провери дури и преку Google. Притоа, во овој плагијат авторите дури и ги оставиле линковите од Википедија, направено на крајно подценувачки и иритирачки начин за целата научна јавност во Македонија! Тука е линкот на оваа поставка од каде може да се види флагрантниот подценувачки плагијат на авторите http://eprints.ugd.edu.mk/10930/1/REGIONAL%20COOPERATION%20IN%20WESTERN%20BALKANS%20_%20A%20PREREQUISITE%20FOR%20EUROPEAN%20UNION%20INTEGRATION.pdf . Нејасно е како Рецензентската комисија можела ваков еден флагрантен плагијат, направен во стил на ученик од седмо одделение кој пишува семинарска работа и целосно ја препишува/презема со copy paste од интернет, дозволила ваквиот „научен труд" да биде вреднуван, со што доцент Сотироски би се стекнал со второто по ранг највисоко академско звање во македонското општество! Ова е дегутантно и потценувачки кон сите останати наставници и научни работници во Македонија. Сите останати поставки на доцент Сотироски што се еалуирани при неговиот избор од страна на Рецензентската комисија во суштина се трудови без идентитет и без генералии!!! Покрај тоа Зборникот на трудови каде се реферирани три од трудовите со кои доцент Сотироски треба да се избере во вонреден професор, не е меѓународна публикација, бидејќи нема уредувачки одбор во кој треба 40% од членовите да бидат од најмалку четири различни земји, туку има само тројца членови од кои двајца се од Македонија. Притоа, не постои никаква СОДРЖИНА од каде може да се видат учесниците на оваа Конференција одржана во Свети Николе (а не е јасно и дали е воопшто одржана), со сигурност не постои и рецензија на објавените „трудови" на оваа конференција, а тематиката на Конференцијата воопшто не кореспондира со подрачјето на избор на доцент Сотироски. Покрај тоа, во прилогот на Репозиториумот на една од поставките, на втората страна од Зборникот на трудови стои следната напомена: „ **Напомена**: Организациониот одбор на Петтата меѓународна научна конференција «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ : ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во зборникот. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во зборникот е на самите автори на трудовите ". Линкот на оваа напомена е даден на втората страна на

http://eprints.ugd.edu.mk/10930/1/REGIONAL%20COOPERATION%20IN%20WESTERN%20BALKANS%20_%20A%20PREREQUISITE%20FOR%20EUROPEAN%20UNION%20INTEGRATION.pdf

Ова само покажува дека сите овие „трудови" во Зборникот на оваа Конференција се нерецензирани и непроверени од научна гледна точка, што значи дека истите немаат никаква научна важност.

Согласно сите овие Забелешки, очигледно е дека Заклучоците наведени во Рефератот за избор на доцент д-р Љупчо Сотироски се базирани на научни невистини, плагијати и фрапантни лаги. Поради тоа, потребно е ННС на Правниот факултет да донесе соодветна Одлука што нема да биде во согласност со Заклучоците на рецензентската комисија објавена во соодветниот Билтен, а рецензентската комисија да ги преиспита своите Заклучоци. **Сите овие забелешки укажуваат дека доцент д-р Љупчо Сотироски не ги исполнува законските услови за избор во вонреден професор**.

Со почит,

Штип, 23. 09. 2014 г.

Професор на УГД Штип

ДО

ННС на правен факултет при УГД Штип

и до

Деканот на Правен факултет при УГД Штип

24. 09. 2014

0401 1033/1

**Предмет**: Приговор во однос на Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП, објавен во Универзитетски Билтен број 132 од 15 09 2014 година

Почитувани,

Во Универзитетскиот билтен на УГД Штип број 132 од 15 09 2014 година, публикуван е Реферат за избор на доцент д-р Љупчо Сотироски во звањето вонреден професор НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП.

Согласно член 125 од Законот за високото образование, во звање „вонреден професор" може да биде избран „ лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години, учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, придонес во оспособувањето на помлади наставници и кое покажало способност за изведување на разни видови високообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата. "

Во рефератот за избор на доцент д-р Љупчо Сотироски, наведено е дека кандидатот има објавено 5 научни трудови во меѓународни публикации, од кои 3 од наведените „трудови" се публикувани во Зборник од научна конференција одржана на Славјанскиот Институт „Државин" во Свети Николе.

Од приложените „трудови" на доцент д-р Љупчо Сотировски што се достапни во Репозиториумот на УГД http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Sotiroski=3ALjupco=3A=3A.html, се гледа дека уредувачкиот одбор на овој Зборник од овој собир на Универзитетот во Свети Николе се тројца професори, а двајца се од Македонија. Согласно одредбите од Законот за високото образование на РМ, за да една научна публикација биде класифицирана како „меѓународна", потребно е 40% од уредувачкиот одбор да потекнува од 4 различни земји, што во случајот на Зборникот од Славјанскиот универзитет во Свети Николе не е случај.

Покрај тоа, за трудовите објавени во Зборникот на трудови на Петтата меѓународна конференција Меѓународен дијалог: Исток-Запад, Култура Славјанство и Економија, трудот REGIONAL COOPERATION IN WESTERN BALKANS- A PREREQUISITE FOR EUROPEAN UNION INTEGRATION во суштина е плагијат на прилог преземен од „Википедија", а целата конференција нема рецензентска комисија за рецензирање на „трудовите".

Трудот со наслов „Стечаен Криминалитет" приложен на истата оваа конференција на Славјанскиот Универзитет е приложен во ВОРД ФОРМАТ и заиститот не постојат никакви податоци дека е презентиран на конференцијата Исток-Запад, Култура Славјанство и Економија (од насловот се гледа оваа конференција нема ништо заедничко со звањето и областа во која работел доцент д-р Сотироски).

**Истото се однесува и за трудот** IMPACT OF GLOBALIZATION ON THE NATIONAL ECONOMY THROUGH THE PRISM OF LOGISTICS OPERATORS, кој е депониран во ВОРД ФОРМАТ и за кој нема никаков доказ дека е презентиран во Зборникот на трудови.

Покрај тоа, во Зборникот на трудови од конференцијата на Славјанскиот универзитет Државин во Свети Николе, не постои содржина од каде би можело да се утврдат авторите и трудовите.

Покрај овие три забелешки, и трудот со **наслов** European dimension of Balkan transport policy што е наведен во Рефератот и е наведено дека е презентиран и публикуван во Зборник од научна манифестација од Благоевград, Бугарија, е депониран во ВОРД формат и за истиот не постои документација содржина и уредувачки одбор, од каде ќе може да се види дека трудот е публикуван, а зборникот од оваа конференција е класифициран како меѓународна публикација http://eprints.ugd.edu.mk/8444/ .

Поради сите овие забелешки, очигледно е дека доцент д-р Љупчо Сотироски НЕ ГИ ИСПОЛНУВА МИНИМАЛНИТЕ ПРОПИПШАНИ предуслови од одредбите на Законот за високото образование и НЕ МОЖЕ да биде избран во звањето вонреден професор.

Наставно научниот совет на Правниот факултет при УГД Штип потребно е сите овие забелешки да ги земе во предвид при гласањето за избор во звање на соодветниот наставник.

Штип, 22. 09. 2014 г. Редовен професор на Универзитет„Гоце Делчев" во Штип